# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# УПРАВЕН СУД

**РАСПОРЕД ЗА РАБОТА**
**НА УПРАВЕН СУД ЗА 2021 ГОДИНА**

**– за претседателот на судот и судиите –**

**Скопје, декември 2020 година**

Претседателот на Управен суд, m-r Burim Sejdini, согласно со член 88 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008 , бр.150/2010 и бр. 96/19) и член 112 и 174 став 4 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија бр.66/2013 и бр.114/2014), по претходно одржаната седница на судии на 29.12.2020 година, го донесе следниот:

**РАСПОРЕД ЗА РАБОТА**
**НА УПРАВЕН СУД ЗА 2021 ГОДИНА**

**– за претседателот на судот и судиите –**

**I**

Претседател на Управен суд е Бурим Сејдини.

За заменик на претседателот на Управен суд, се определува судија Димитрула Апостоловска.

Заменикот на претседателот на Судот, освен редовната судиска работа, ќе го заменува Претседателот во случај на негово отсуство или спреченост да ја извршува својата функција.

**II**

**СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СУДСКИ ОДДЕЛИ**

Работата по предметите во Управен суд, се одвива во следните специјализирани судски оддели:

**I - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ, ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА (Предметите од имотно – правната област се евидентираат во Уписникот „У-1“ како и во уписниците „УПР“, „УРП“, „УСПИ“ и „УПОВ“; Предметите од областа на денационализација, урбанизмот, градежништвото и други сродни права се евидентираат во Уписникот „У-2“ и „У-3“ како и во уписниците „УПР“, „УРП“, „УСПИ“ и „УПОВ“)**

1.Во рамките на овој оддел се формира совет за имотно - правна област и други сродни права, во кој се распоредуваат судиите: Анета Џигерова– претседател на совет, Благородна Аранѓелова – член на совет и Имсале Хасани – член на совет .

2. Во рамките на овој оддел се формираат два совета за денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права. Во првиот совет се распоредуваат судиите: Драгослав Радичевски –претседател на совет, Лулзим Салиу - член на совет , Дрита Мемети - член на совет и Снежана Трповска-член на совет, при што судијата Снежана Трповска, како член на советот своите предмети ќе ги постапува и одлучува на местото на членот на советот - судија Дрита Мемети. Во вториот совет, се распоредуваат судиите: Весна Јовановска – претседател на совет, Габријела Михајловска – член на совет, Елеонора Хамулиќ Ајро – член на совет и Александар Чичаковски- член на совет, при што судијата Александар Чичаковски, како член на советот своите предмети ќе ги постапува и одлучува на местото на членот на советот - судија Елеонора Хамулиќ Ајро.

3. Во овој оддел се формира и совет од петмина судии кои ќе одлучуваат по тужбите за повторување на постапката од имотно – правната област и други сродни права, во кој се распоредуваат судиите: Анета Џигерова– претседател на совет, Благородна Аранѓелова –

член на совет, Имсале Хасани – член на совет, Лулзим Салиу – член на совет и Габријела Михајловска– член на совет.

4. Во овој оддел, се формираат два совета од петмина судии, кои ќе одлучуваат по тужбите за повторување на постапката од областа на денационализација, урбанизмот, градежништвото и други сродни права, и тоа во првиот совет се распоредуваат судиите: Драгослав Радичевски – претседател на совет, Лулзим Салиу – член на совет, Дрита Мемети – член на совет, Снежана Трповска – член на совет и Елеонора Хамулиќ Ајро – член на совет, а во вториот совет се распоредуваат судиите: Весна Јовановска – претседател на совет, Габријела Михајловска – член на совет, Елеонора Хамулиќ Ајро – член на совет Александар Чичаковски – член на совет и Дрита Мемети-член на совет.

Во однос на одлучувањето по предлозите за повторувањата на постапката, Управниот суд, доколку одлучува за поднесен предлог за повторување на постапката по Законот за управните спорови (Службен весник на Република Македонија бр.62/06 и 150/10), ќе се постапува и одлучува во советите од петмина судии, а кога предлогот за повторување на постапката е доставен по влегување во сила на Законот за управните спорови (Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19), ќе се постапува и одлучува во советите од тројца судии.

**<u>II - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ПЕНЗИИ, ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ЦАРИНИ, КОНЦЕСИИ, ЈАВНИ ПРИВАТНИ ПАРТНЕРСТВА И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА</u> (Предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права се евидентираат во Уписникот „У-4“ како и во уписниците „УПР“, „УРП“, „УСПИ и „УПОВ“ и Предметите од областа на царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права се евидентираат во Уписникот „У-6“ како и во уписниците „УПРЦ“, „УРП“, „УСПИ“ и „УПОВ“)**

1.Во рамките на овој оддел се формира совет за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права, во кој се распоредуваат судиите: Лидија Ивановска –претседател на совет, Едита Насковска - член на совет и Нада Иванова - член на совет, која ќе постапува како член на совет во вториот Совет за царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права, без да се распределат и доделат предмети во работа на судијата преку автоматизираниот компјутерски систем АКМИС.

2.Во рамките на овој оддел се формираат два совета за царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права. Во првиот совет се распоредуваат судиите: Марта Телеграվчиска – претседател на совет, Рамије Цара- член на совет и Ѓоко Живковски– член на совет. Во вториот совет, се распоредуваат судиите: Тања Терзиева – претседател на совет, Газменд Фејзуљи-член на совет, Елизабета Васкова – член на совет и Гордана Илиевска-член на совет, при што судијата Гордана Илиевска, како член на советот своите предмети ќе ги постапува и одлучува на местото на членот на советот - судија Елизабета Васкова.

3. Во овој оддел, се формира и совет од петмина судии, кои ќе одлучуваат по тужбите за повторување на постапката од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права, во кој се распоредуваат судиите: Лидија Ивановска – претседател на совет, Едита Насковска – член на совет, Нада Иванова – член на совет, Ѓоко Живковски – член на совет и Елизабета Васкова – член на совет

4. Во овој оддел, се формираат два совета од петмина судии, кои ќе одлучуваат по тужбите за повторување на постапката од областа на областа на царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права, во кој се распоредуваат судиите: и тоа во првиот совет се распоредуваат судиите: Марта Телеграчвиска – претседател на совет, Рамије Цара – член на совет, Ѓоко Живковски – член на совет, Газменд Фејзуљи – член на совет и Елизабета Васкова – член на совет, а во вториот совет се распоредуваат судиите: Тања Терзиева – претседател на совет, Газменд Фејзуљи – член на совет, Елизабета Васкова – член на совет, Рамије Цара – член на совет и Ѓоко Живковски-член на совет. Судија Гордана Илиевска-член на совет, ќе одлучува по тужбите за повторување на постапката од областа на царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права, како петти член во Советот од петтмина судии на местото на судијата Ѓоко Живковски-член на совет.

Во однос на одлучувањето по предлозите за повторувањата на постапката, Управниот суд, доколку одлучува за поднесен предлог за повторување на постапката по Законот за управните спорови (Службен весник на Република Македонија бр.62/06 и 150/10), ќе се постапува и одлучува во советите од петмина судии, а кога предлогот за повторување на постапката е доставен по влегување во сила на Законот за управните спорови (Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19), ќе се постапува и одлучува во советите од тројца судии.

**<u>III - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА</u> (Предметите што се во надлежност на овој оддел се евидентираат во Уписникот „У-5“ како и во уписниците „УПРД“, „УРП“, „УСПИ“ и „УПОВ“)**

1.Во рамките на овој оддел се формираат три совети. Во првиот совет се распоредуваат судиите: Димитрула Апостоловска– претседател на совет, Валентина Конеска-член на совет и Билјана Никодиновска-член на совет. Во вториот совет, се распоредуваат судиите: Дитурије Елези Незири – претседател на совет, Ана Герасимовска - член на совет, и Даниела Антовска – член на совет. Во третиот совет се распоредуваат судиите: Есма Алибашиќ Јонуз-претседател на совет, Виолета Богојевска-член на совет и Ељмедине Асани- член на советот.

2. Во рамките на овој оддел се формираат и два совети од петмина судии кои ќе одлучуваат по тужбите за повторување на постапката од областите што се во надлежност на одделот и тоа прв совет во кој се распоредуваат судиите: Димитрула Апостоловска-претседател на совет, Есма Алибашиќ Јонуз-член на совет, Валентина Конеска-член на совет, Билјана Никодиновска-член на совет и Ељмедине Асани-член на совет и втор совет во кој се распоредуваат судиите: Дитурије Елези Незири-претседател на совет, Ана Герасимовска-член на совет, Даниела Антовска – член на совет, Виолета Богојевска-член на совет и Валентина Конеска-член на совет.

Во однос на одлучувањето по предлозите за повторувањата на постапката, Управниот суд, доколку одлучува за поднесен предлог за повторување на постапката по Законот за управните спорови (Службен весник на Република Македонија бр.62/06 и 150/10), ќе се постапува и одлучува во советите од петмина судии, а кога предлогот за повторување на постапката е доставен по влегување во сила на Законот за управните спорови (Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19), ќе се постапува и одлучува во советите од тројца судии.

**III**

Претседателот на Управниот суд, како судија на овој суд, не постапува и одлучува по распределените предмети преку автоматизираниот информационен систем за управување со предмети АКМИС. Од прием на нови предмети, Претседателот на судот, е исклучен од 01.09.2018 година, врз основа на донесена посебна одлука.

Претседателот на Управен суд, како судија на овој суд, непостапува и неодлучува по предметите кои ќе се заведат во Управниот суд, по тужби кои произлегуваат од одредбите на Изборниот законик, а имајќи во предвид утврдените обврски на претседателот на Управниот суд, согласно Законот за судовите, во поглед на организирање на работата на судот и превземање на мерките за навремено и уредно вршење на работите во судот и согласно Судскиот деловник, во поглед на одобрувањето на фотографирањето, снимањето во судот и јавното прикажување, а особено во однос на навременото информирање на јавноста за работата на судот во текот на постапката на заштита на избирачкото право.

IV

1. Седниците на советите ќе се одржуваат најмалку еднаш во неделата, а седниците на советите кои одлучуваат по тужбите за повторување на постапката, по потреба.

2. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Анета Џигерова, како претседател на советот од четворица судии и како претседател на советот од петмина судии во првиот специјализиран оддел, ја заменува судијата Весна Јовановска. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Весна Јовановска, како замена на судијата Анета Џигерова, ќе ја заменува судијата Драгослав Радичевски.

3. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Весна Јовановска, како претседател на советот од тројца судии и како претседател на третиот совет од петмина судии во рамките на првиот специјализиран оддел, го заменува судија Анета Џигерова. Во случај на спреченост и отсуство од оправдани причини на судијата Анета Џигерова, како замена на судијата Весна Јовановска, ќе ја заменува судијата Драгослав Радичевски.

4. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на Драгослав Радичевски, како претседател на советот од четворица судии во првиот специјализиран оддел и претседател на вториот совет од петмина судии по тужбите за повторување на постапката во првиот специјализиран оддел, го заменува судијата Весна Јовановска. Во случај на спреченост и отсуство од оправдани причини на судијата Весна Јовановска, како замена на судијата Драгослав Радичевски, ќе ја заменува судијата Анета Џигерова.

5. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Лидија Ивановска, како претседател на совет од тројца судии во вториот специјализиран оддел и претседател на совет од петмина судии по тужбите за повторување на постапката во вториот специјализиран оддел, ќе ја заменува судијата Марта Телегравчиска. Во случај на спреченост и отсуства од оправдани причини на судијата Марта Телегравчиска, како замена на судијата Лидија Ивановска, ќе ја заменува судијата Тања Терзиева.

6. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Марта Телегравчиска, како претседател на вториот совет од тројца судии во вториот специјализиран оддел и како претседател на вториот совет од петмина судии во вториот специјализиран оддел, ја заменува судијата Тања Терзиева, како претседател на третиот совет од тројца судии од истиот специјализиран оддел. Во случај на спреченост и други оправдани причини на судијата Тања Терзиева, како замена на судијата Марта Телегравчиска, како претседател на вториот советот од тројца судии во вториот специјализиран оддел и како претседател на вториот совет од петмина судии во вториот специјализиран оддел, ќе ја заменува судијата Лидија Ивановска.

7. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Тања Терзиева, како претседател на третиот совет од тројца судии од вториот специјализиран оддел и како претседател на третиот совет од петмина судии во вториот специјализиран

одде ја заменува судијата Марта Телегравчиска. Во случај на спреченост и други оправдани причини на судијата Марта Телегравчиска, како замена на судијата Тања Терзиева, како претседател на третиот совет од тројца судии во вториот специјализиран оддел и како претседател на вториот совет од петмина судии во вториот специјализиран одде, ќе ја заменува судијата Лидија Ивановска.

8. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Димитрула Апостоловска, како претседател на првиот совет од тројца судии во третиот специјализиран оддел и претседател на првиот совет од петмина судии во третиот специјализиран оддел, ја заменува судијата Дитурије Елези Незири. Во случај на спреченост и други оправдани причини на судијата Дитурије Елези Незири, како замена на судијата Димитрула Апостоловска, како претседател на првиот советот од тројца судии во третиот специјализиран оддел, ќе ја заменува судијата Есма Алибашиќ Јонуз. Во случај на спреченост и други оправдани причини на судијата Дитурије Елези Незири, како замена на судијата Димитрула Апостоловска, како претседател на првиот совет од петмина судии во третиот специјализиран оддел, ќе ја заменува судијата Тања Терзиева.

9. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Дитурије Елези Незири, како претседател на вториот совет од тројца судии во третиот специјализиран оддел и вториот совет од петмина судии во третиот специјализиран оддел, ја заменува судијата Есма Алибашиќ Јонуз. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Есма Алибашиќ Јонуз, како замена на судијата Дитурије Елези Незири, ќе ја заменува судијата Димитрула Апостоловска.

10. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Есма Алибашиќ Јонуз, како претседател на третиот совет од тројца судии од истиот специјализиран оддел, ја заменува судијата Димитрула Апостоловска. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судијата Димитрула Апостоловска, како замена на судијата Есма Алибашиќ Јонуз, ќе ја заменува судијата Дитурије Елези Незири.

11. Во случај на отсуство или спреченост на член на совет од одреден оддел, замената на членот на советот, ќе се врши по истиот редослед, како е утврдено за претседателот на советот, погоренаведен. Во случај на отсуство или спреченост на замената на членот на советот, истиот ќе се заменува, по редоследот како е утврдено за замена на претседателот на советот.

12. Во советите во кои се распоредени по четворица судии, во случај на отсуство или спреченост на некој член на советот истиот ќе го заменува друг член кој е присутен. Доколку, отсуствува или е спречен, и другиот член, во тој случај замената на членовите на совет, ќе се врши согласно точка 11 од овој распоред.

**IV-а**

Во Советот за судска пракса на Управен суд, се распоредуваат судиите: Нада Иванова-претседател на совет за судска практика, Анета Цигерова-член на совет, Драгослав Радичевски-член на совет, Весна Јовановска- член на совет, Лидија Ивановска-член на совет, Димитрула Апостоловска-член на совет, Дитурије Елези Незири-член на совет, Есма Алибашиќ Јонуз-член на совет, Марта Телегравчиска-член на совет и Тања Терзиева-член на совет.

Судијата Нада Иванова распоредена како претседател на Советот за судска пракса и член во Совет за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права при вориот Специјализиран оддел за пензии, пензиско и инвалидско осигурување, царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права, воедно се определува и за постапување по барањата кои се однесуваат на архивирани предмети по сите основи, а кои ги опфаќаат процесните дејствија:

- стaвање на потврди на правосилност и извршност
- одобрување на барања за увид и за издавање на преписи
- постапување по барања за поправање на судски одлуки и
- вложени правни лекови

**V**

**КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

Судскиот службеник **Снежана Кипровска – раководител на стручно правна служба**, се распоредува да ги врши стручните работи кои се во надлежност на судската управа за потребите на претседателот на Судот, како и должностите во надлежност на судскиот администратор.

**VI**

Стручниот судски службеник, виш судски соработник **Ивана Смугреска** се распоредува за водење на судската библиотека, а воедно е определена за одговорно лице за односи со јавноста, во канцеларијата за односи со јавност.

**VII**

Судскиот службеник **Мурат Адиловски**, помлад судски референт – извршител во писарница се распоредува за вршење на работите во судската писарница поврзани со автоматската распределба и прераспределба на предметите на судиите преку АКМИС системот.

**VIII**

**СУДСКА ПОЛИЦИЈА**

**Александар Костовски** – припадник на судска полиција

**Елена Костадиновска** – припадник на судска полиција

**Симе Котевски** – припадник на судска полиција

**Борче Чекичевски** – припадник на судска полиција

Распоредот за извршување на работните обврски на припадниците на судската полиција се определува на месечно ниво.

**IX**

Времето за прием на странки во Судот е секој работен ден од 9.00 часот до 14.30 часот.

Како ден за прием на странки, претседателот на судот го определува секој вторник од 9.00 часот до 14.00 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН СУД**
**m-r Burim Sejdini**